АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Република Македонија

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИМЕНА НА ТАРИФНИКОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Тарифникот е акт на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесен согласно Законот за воздухопловство во кој е определена висината на надоместоците за издавање, продолжување, обновување или промена на уверенија, дозволи, одобренија, согласности и друго, како и други надоместоци.

Надоместоците од глава 2 од тарифникот за издавање, продолжување, обновување или промена на уверенија, дозволи, одобренија, согласности и друго се плаќаат на почетокот на постапката заедно со поднесеното барање, без оглед на исходот на постапката.

Надоместокот од глава 3 од тарифникот за континуиран надзор се уплатува само во случај кога е одобрено барањето за издавање, продолжување, обновување или промена на уверение, одобрение и друго.
Надоместокот за континиран надзор не се наплаќа за уверенија или одобренија за кои Агенцијата не врши континуиран надзор за утврдување на постојаната исполнетост на условите за одржување во важност на истите.
Барателот е должен да го уплати надоместокот за континуиран надзор пред да му се предаде решението за издавање, продолжување, обновување и промена на соодветното уверение, одобрение, и друго за кое има поднесено барање.
Надоместокот за континуиран надзор е определен на годишно ниво кој се зголемува или намалува пропорционално на периодот за кој е издадено соодветното уверение, одобрение или друго.

Надоместокот од патник во заминување од аеродромите во Република Македонија е надоместок кој го плаќаат патниците во заминување со исклучок на членови на екипаж во случај на вршење на нивните должности, патници во случај кога воздухопловот кој ги превезувал е вратен на аеродромот од кој полетал поради виша сила и патници на летови кои се вршат со воздухоплов со капацитет помал од 20 седишта. Превозниците во воздушниот сообраќај треба во цената на авио картите да го пресметаат надоместокот кој го плаќаат патниците во јавниот воздушен превоз во заминување и да го префрлат на Агенцијата на начин опишан во тарифникот.

Сите надоместоци се определени во евра, а се уплатуваат на сметка на Агенцијата во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на плаќањето, доколку плаќањето се врши на територија на Република Македонија. Доколку плаќањето се врши надвор од Република Македонија тогаш надоместокот се плаќа во евра.

Агенција за цивилно воздухопловство е депонент на НЛБ Тутунска банка со:

1) денарска сметка бр. 210-0664864901-75 и

2) девизна сметка бр. 0071200000034,

IBAN CODE: MK07210712000000310

SWIFT CODE:  TUTNMK22

Цел на дознака: АЦВ РМ Надоместок
Тарифникот може да се превземе на веб странатa или во архивата на Агенцијата.

„Уплатница за физички лица“


УПЛАТНИЦА

NLB Тутунска банка

УПЛАТУВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА УПЛАТУВАЧ

БАНКА НА УПЛАТУВАЧ

ДАНОЧЕН БРОЈ ИЛИ ЕМБГ И ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ

Агенција за цивилно воздухопловство

БАНКА НА ПРИМАЧ

НЛБ Тутунска банка

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

210066486490175

ИЗНОС

МКД ,

ШИФРА

НАЧИН

наплатен надомест

образец ПП10

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

Република Македонија



НАЛОГ ЗА ПРЕНОС

ДАТУМ НА ВАЛУТА

**НАЛОГОДАВАЧ**

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: Агенција за цивилно воздухопловство

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА ПРИМАЧ: 2 1 0 0 6 6 4 8 6 4 9 0 1 7 5

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА ПРИМАЧ: НЛБ Тутунска банка

ЦЕЛ НА ДОЗНАКАТА

ИЗНОС

МКД

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - (ЗАДОЛЖУВАЊЕ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - (ОДОБРУВАЊЕ)

ПОТПИС

ШИФРА

НАЧИН

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ

МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ